ВЕГА ФОНДОВИ

# ПРОСПЕКТ

ОТВОРЕН ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНД ВЕГА СВЕТ

Скопје, Мај 2024 година

# Вовед

Овој Проспект претставува јавен повик за купување на удели во отворениот инвестициски фонд ВЕГА СВЕТ.

Проспектот ги содржи сите потребни информации врз основа на кои потенцијалните инвеститориможат да донесат разумна одлука за вложување во инвестицискиот фонд. Податоци кои согласно Законот за инвестициски фондови треба да им се достапни на вложувачите се содржани и во Статутот на фондот.

Пред донесувањето на одлука за вложување секој потенцијален инвеститор е должен внимателно да ги прочита одредбите од Проспектот и Статутот на отворениот инвестициски фонд ВЕГА СВЕТ со цел да дознае за каков вид на вложување станува збор, како и ризиците поврзани со вложувањето во инвестицискиот фонд.

# Содржина


I. ПОДАТОЦИ ЗА ОТВОРЕНИОТ ФОНД ..... 4

1. Општи податоци за отворениот фонд ..... 4

1.1 Називот на фондот. ..... 4

1.2 Вид/тип на фонд ..... 4

1.3 Идентификацискиот број ..... 4

1.4 Датум на организирање и број на решение за давање одобрение за организирање на отворениот фонд од Комисијата. 4

1.5 Време на постоење на инвестицискиот фонд ..... 4

1.6 Место каде може да се добие примерок од Проспектот, Статутот и Клучните информации за инвеститорите на фондот како и дополнтелни информации и полугодишни и ревидирани годишни извештаи ..... 4

1.7 Законска рамка за работење на фондот ..... 4

1.8 Даночни права и обврски на инвеститорите ..... 4

1.9 Политика на распределба на добивка ..... 5

1.10 Податоци за начин на пресметка на учеството во добивката ..... 4

1.11 Фирма и седиште на друштвото за ревизија ..... 5

2. Детали за основни карактеристики на уделите на фондот ..... 5

2.1 Природа на правата кои произлегуваат од уделите од фондот ..... 5

2.2 Права кои произлегуваат од уделите ..... 5

2.3 Претпоставки под кои е дозволено да се покрене ликвидација на фондот, самата постапка на ликвидација, како и постапките кои би требало да се преземат согласно закон пред да се спроведе ликвидација ..... 5

2.4 Постапка и услови за издавање удели, минимален износ поединечни вложувања во фондот, постапка и услови за запишување и издавање на удели, почетна цена на уделит, постапка и услови за понуда на уделите, постапка и услови за откуп и исплата на уделите и околности под кои може да дојде до прекин на издавањето или откупо на удели ..... 6

2.5 Информации за начинот и правилата за пресметување и користење на приходите или добивката на фондот од страна на имателите на удели ..... 9

2.6 Принципи на вложување на средствата како и типови на средства во кои е дозволено вложување, односно категории на средства и видови на финансиски инструменти во кои ќе бидат инвестирани средствата на фондот ..... 9

3. Опис на елментите поврзани со вложувањето во фондот ..... 10

4. Профил на инвестициските ризици и успешноста ..... 11

4.1 Видови на инвестициски ризици ..... 11

4.2 Ризици поврзани со друштвото и управување со истите ..... 13

4.3 Изјава ..... 14

4.4 Изјава ..... 14

4.5 Дозволени вложувања во деривативни финансиски инстументи ..... 14

4.6 Посебни техники на управување ..... 14

4.7 Изјава ..... 14

4.8 Реплицирање на индекси ..... 15

4.9 Волатилност на нето вредноста на имотот на фондот ..... 15

4.10 Начин и време на пресметка на нето вредноста на имотот на фондот, и основата на која се пресметува нето вредноста на фондот ..... 15

4.11 Време и начин на зачестеност на пресметка на цените на уделите, налинот на објава на цените, опис на износот и зачестеност на плаќањето на дозволените надоместоци и трошоци за издавање и откуп на удели ..... 15

5. Историски податоци за приносот ..... 15

6. Начин на пресметување на износот на надоместоците и трошоците на товар на имотот на фондот и инвеститорот ..... 15

6.1 Надоместок за управување со Фондот ..... 16

6.2 Надоместок на Депозитарната банка ..... 16

6.3 Трошоци во врска со купопродажба на имотот на Фондот ..... 16

6.4 Други трошоци кои ќе произлезат во текот на работењето ..... 17

6.5 Трошоци за издавање на удели – влезен надоместок ..... 17

6.5.1 Еднократна уплата ..... 17

6.5.2 Инвестициски план ..... 18

6.5.3 Договор за Инвестициски план ..... 18

6.5.4 Дополнително намалување на влезен надоместок ..... 18

6.5.5 Трошоци за замена на удели од еден во друг фонд управуван од Друштвото ..... 19

7. Целен пазар и структура на вложувањата на фондот ..... 18

8. Целна група на инвеститори за кои е наменето вложувањето во фондот, согласно мотивите за вложување и инвестицискиот хоризонт, познавање на пазарот на капитал и толеранција на ризик од вложувањето .................................................... 20
9. Времетрање на фискална година ........................................................................................................................ 20
10. Датум на издавање на проспектот .................................................................................................................... 20
II. ПОДАТОЦИ ЗА ДРУШТВОТО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ФОНДОВИ..........................................................................21
1. Основни податоци за друштвото.........................................................................................................................21
2. Податоци за активностите на друштвото за инвестициските фондови со кои управува.......................................................21
3. Членови на Одборот на директори на Друштвото ....................................................................................................... 21
4. Основна главнина и акционери кои имаат квалификувано учество......................................................................... 233
5. Назив, седиште и матичен број, датум на основање и негов упис во Централен Регистар за секое друштво кое делува како советник на ОИФ-от, како и името на претседателот на органот на управување или другите одговорни лица во тие друштва.......................................................................................................................................................24
6. Битни одредби од договорот со депозитарната банка кои може да се од значење за инвеститорите во уделите.............24
7. Други важни активности за Друштвото ........................................................................................................... 245
8. Лица со кои друштвото има склучено договор за пренесување активности...................................................... 25
9. Листа на подружници..........................................................................................................................................25
10. Место за можен увид во општите акти на Друштвото ........................................................................................ 26
III. ПОДАТОЦИ ЗА ДЕПОЗИТАРНАТА БАНКА ......................................................................................................... 26
IV. ПОДАТОЦИ ЗА ЛИЦАТА ШТО СЕ ОДГОВОРНИ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПРОСПЕКТОТ................................................ 27
1. Изјава на лицата одговорни за издавањето на Проспектот................................................................................. 27
2. Лица за контакт во Друштвото ........................................................................................................................... 27

Врз основа на член 53 од Законот за инвестициски фондови (Сл. весник на РСМ бр.12/2009, бр. 67/2010, бр. 24/2011, бр. 188/2013, бр. 145/2015, бр. 23/2016, бр. 31/2020, бр. 150/2021 и 288/2021) (во натамошниот текст: Законот), член 41 од Статутот на Друштвото за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ВЕГА ФОНДОВИ АД Скопје (во натамошниот текст: Друштвото) Одборот на директори на Друштвото, на ден 30.05.2024 година, донесе:

# П Р О С П Е К Т

## ВЕГА СВЕТ - отворен инвестициски фонд

(пречистен текст)

# I. ПОДАТОЦИ ЗА ОТВОРЕНИОТ ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНД

## 1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ОТВОРЕНИОТ ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНД

1.1 **Називот на фондот**: ВЕГА СВЕТ – отворен инвестициски фонд (во натамошниот текст: Фондот). Скратен назив на фондот гласи: ВЕГА СВЕТ - о.и.ф. Во работењето со странство и во определени случаи за маркетиншки цели Фондот ќе го користи називот VEGA WORLD.

1.2 **Вид/тип на фонд: Фондот е основан како** отворен инвестициски фонд, кој се категоризира во групата акциски (основна категорија) и глобален (поткатегорија).

1.3 **Идентификацискиот број** под кој Фондот е запишан во Регистарот на инвестициски фондови кој го води Комисијата за хартии од вредност (во натамошниот текст: Комисијата) е: 9140000000212.

1.4 **Датум на организирање и број на решение за давање одобрение за организирање на отворениот фонд од Комисијата за хартии од вредност**: Решение број УП1 08-121 од 22.03.2022 година

1.5 **Време на постоење на инвестицискиот фонд**: неопределено.

1.6 **Место каде може да се добие примерок од Проспектот, Статутот и Клучните информации за инвеститорите на фондот како и дополнтелни информации за фондот, како и полугодишни и ревидирани годишни извештаи**: бул. Климент Охридски бр. 45 кат 1 лок. 10, Скопје, Центар или www.vegafondovi.mk

1.7 **Законска рамка за работење на инвестицискиот фонд и регулаторен режим на кој подлежи**: Закон за инвестициски фондови (Сл. весник на РСМ бр.12/2009, бр. 67/2010, бр. 24/2011, бр. 188/2013, бр. 145/2015, бр. 23/2016, бр. 31/2020 бр. 150/2021 и 288/2021) и подзаконските акти кои произлегуваат од овој закон.

1.8 **Даночни права и обврски на инвеститорите и инвестицискиот фонд**: Со оглед на тоа што Фондот нема својство на правно лице, согласно Законот за данокот на добивка, добивката од инвестирање на средствата на Фондот во финансиски инструменти нема да се оданочува. Даночните права и обврски на инвеститорите се регулирани со Законот за данокот на личен доход (за домашни и странски физички лица) и Законот за данокот на добивка (за домашни и странски правни лица). Согласно законската регулатива, данок се плаќа на добивката, односно разликата помеѓу куповната и продажната цена на уделот намалена за сите трошоци и надоместоци. Даночната регулатива е променлива категорија и оттаму вложувачите во Фондот се советуваат да ангажираат даночни советници за потенцијалните даночни последици коишто може да произлезат за нив од вложувањето во Фондот и понатамошното располагање со удели.

1.9 **Политика на распределба на добивката на фондот и учество во добивката на Фондот**: По начинот на третирање на остварената добивка Фондот спаѓа во фондови кои автоматски ја реинвестираат добивката. Приходите од инструментите во кои се вложени средствата на Фондот, како што се капиталните добивки, позитивните курсни разлики, дивиденди и каматни приходи, нема да се исплатуваат, туку автоматски ќе се реинвестираат со цел да се зголеми цената на уделите во Фондот. Сопствениците на удели се изјаснуваат за согласност за реинвестирање на добивката со потпишување на Изјава која е составен дел на обрасците на Фондот, Пристапница во инвестициски фонд и Барање за купување удели. Со прифаќање на поднесеното Барање за купување удели и уплатените парични средства од страна на Друштвото, вложувачите влегуваат во

договорен однос со Фондот и ја изразуваат својата волја дека ги прифаќаат условите за вложување дефинирани во овој Проспект. Добивката на Фондот е содржана во цената на еден удел.

1.10 **Податоци за начин на пресметка на учеството во добивката:** Правото на учество во добивката сопствениците на удели го остваруваат преку откуп, односно продажба на удели, како разлика помеѓу влезната и излезната цена на уделот намален за сите трошоци и надоместоци.

1.11 **Фирма и седиште на друштвото за ревизија:** РАСЕЛ БЕДФОРД АТАНАСОВСКИ ДООЕЛ, бул.Кузман Јосифовски-Питу бр.19-4/21, влез1-локал 7, 1000 Скопје.

## 2. ДЕТАЛИ ЗА ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА УДЕЛИТЕ НА ФОНДОТ

### 2.1 ПРИРОДА НА ПРАВАТА КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД УДЕЛИТЕ ВО ФОНДОТ

Правата од уделите во отворениот фонд се стекнуваат со запишување во регистарот на удели во отворениот инвестициски фонд што го води Друштвото. Друштвото води Регистар на удели во Фондот согласно законските и подзаконските прописи. Уписот на податоците во Регистарот на удели се врши веднаш по извршената уплата и утврдувањето на нето вредноста на имотот на Фондот по удел и на бројот на удели што му припаѓа на инвеститорот во чие име и за чија сметка е извршена уплатата.

Сите сопственици на удели имаат еднакви права во Фондот. Уделите во Фондот не можат слободно да се пренесуваат, освен по основ на наследство или договор за подарок. Таквиот пренос има правно дејство по запишување на преносот во Регистарот на удели во Фондот од страна на Друштвото

### 2.2 ПРАВА КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД УДЕЛИТЕ

Уделите им ги обезбедуваат следните права на сопствениците на удели:

- право на информираност:

сопствениците на удели во секое време може да се информираат за работењето на Друштвото и фондовите преку интернет страната на Друштвото. На интернет страната се објавува цената на уделот, финансиските извештаи како и други информации поврзани со работењето. Исто така сопствениците на удели може да се информираат за Друштвото и Фондот во седиштето на самото Друштво, преку on-line известување, писмено известување или телефонски повик. Постапката на информирање на сопствениците на удели е во зависност од избраниот начин на информирање.

- право на дел од добивката на Фондот:

добивката која ја остварува Фондот од своето работење по автоматизам се реинвестира во Фондот, со цел зголемување на вредноста на уделот на Фондот. Според тоа сите сопственици на удели добиваат, односно имаат право на дел од добивката на Фондот пропорционално на нивното учество во Фондот. Сопствениците на удели, правото на дел од добивката на Фондот можат да го остварат преку поднесување на Барање за делумен или целосен откуп на уделите во нивна сопственост од страна на Друштвото.

- право на продажба на удели од Фондот, односно обврска за откуп на удели:

Друштвото е должно да изврши откуп на уделите според цената што одговара на вредноста на уделот утврдена првиот нареден ден на процена по поднесувањето на барањето за откуп на удели. Средствата од откупот на уделите се исплаќаат на сметка на сопственикот на откупените удели во рок од 7 (седум) календарски дена од приемот на Барањето за откуп на удели.

- право на исплата на дел од ликвидационата маса на Фондот:

во случај на ликвидација на фондот сопствениците на удели имаат право на исплата на уделите без притоа да им се наплатуваат никакви надоместоци, без разлика дали ликвидацијата ја спороведува Друштвото или депозитарната банка.

### 2.3 ПРЕТПОСТАВКИ ПОД КОИ Е ДОЗВОЛЕНО ДА СЕ ПОКРЕНЕ ЛИКВИДАЦИЈА НА ФОНДОТ, САМАТА ПОСТАПКА НА ЛИКВИДАЦИЈА, КАКО И ПОСТАПКИТЕ КОИ БИ ТРЕБАЛО ДА СЕ ПРЕЗЕМАТ СОГЛАСНО ЗАКОН ПРЕД ДА СЕ СПРОВЕДЕ ЛИКВИДАЦИЈА

Ликвидација на Фондот се спроведува во еден од следните случаи:

- Доколку Друштвото по донесена одлука за престанок на вршење на работите на управување со инвестициски фондови во претходна постапка на доброволен пренос не успее да го пренесе управувањето со отворените фондови на друго друштво за управување.

- Депозитарната банка престане да ја врши функцијата на депозитарна банка или Комисијата ја одземе издадена согласност на депозитарната банка, а Друштвото во предвидениот рок согласно одредбите од Законот не склучи договор со друга депозитарна банка.
- Комисијата му ја одземе дозволата за работа на Друштвото или над него е покрената постапка за стечај или ликвидација, а доколку во постапка на присилен пренос не успее да го пренесе управувањето со отворениот фонд на ново друштво за управување согласно одредбите од Законот. и
- Депозитарната банка не може да спроведе присилен пренос на управувањето со инвестицискиот фонд согласно Законот.

Во постапката за спроведување на ликвидација се завршуваат работите кои се во тек, целиот имот на Фондот се продава, се намируваат обврските доспеани до денот на донесување одлука за ликвидација.

По донесување на одлуката за ликвидација се забранува секоја понатамошна продажба или откуп на уделите, освен во случај на барањата примени после утврдување на последната цена на уделот пред донесување на одлуката за ликвидација, при што трансакциите со имотот на Фондот можат да се обавуваат исклучиво за потребите на постапката за ликвидација.

Преостанатиот дел од нето вредноста на имотот на Фондот се распределува на сопствениците на удели, сразмерно на нивниот удел во Фондот. Исплатата се врши најкасно во рок од 15 дена од денот на донесување на одлуката за поделба на преостанатата нето вредност на имотот на фондот.

За ликвидатор на Фондот може да се именува лице кое ги исолнува условите кои важат за извршен член на Одбор на директори.

Ликвидацијата на Фондот ја спроведува Друштвото.

Во случај кога Комисијата ќе донесе решение со кое ја одзема дозволата за работа на Друштвото и во случај на стечај или ликвидација на Друштвото, истото може да ги откаже работите на управување со инвестициски фондови кои ги вршело, при што тие се пренесуваат на друго друштво за управување.

Комисијата го врши изборот на новото друштво за управување на кое ќе бидат пренесени работите на управување со инвестициските фондови.

Доколку се покрене ликвидација на Фондот во случаите кога Друштвото е во стечај или Комисијата привремено или трајно му ја одзела дозволата за работа, ликвидацијата ја спроведува депозитарната банка.

Доколку депозитарната банка на Фондот е под стечај или Народна Банка на Република Северна Македонија привремено или трајно и ја одземала дозволата на работа, ликвидацијата ја спроведува ликвидатор на Фондот именуван од страна на Комисијата.

Ликвидаторот е должен во рок од 7(седум) дена од донесување на одлуката за ликвидација, да ја извести Комисијата и сопствениците на удели, во случај кога како ликвидатор се јавува Друштвото или депозитарната банка. Во случај ликвидаторот да е назначен од Комисијата, должен е во рок од 7(седум) дена од денот на назначување да ги извести сопствениците на удели.

## 2.4 ПОСТАПКА И УСЛОВИ ЗА ИЗДАВАЊЕ УДЕЛИ, МИНИМАЛЕН ИЗНОС НА ПОЕДИНЕЧНИ ВЛОЖУВАЊА ВО ФОНДОТ, ПОСТАПКА И УСЛОВИ НА ЗАПИШУВАЊЕ И ИЗДАВАЊЕ НА УДЕЛИТЕ, ПОЧЕТНА ЦЕНА НА УДЕЛИТЕ, ПОСТАПКА И УСЛОВИ ЗА ПОНУДА НА УДЕЛИТЕ, ПОСТАПКА И УСЛОВИ ЗА ОТКУП И ИСПЛАТА НА УДЕЛИТЕ И ОКОЛНОСТИ ПОД КОИ МОЖЕ ДА ДОЈДЕ ДО ПРЕКИН НА ИЗДАВАЊЕТО ИЛИ ОТКУПОТ НА УДЕЛИ

### ПОСТАПКА И УСЛОВИ НА ЗАПИШУВАЊЕ И ИЗДАВАЊЕ НА УДЕЛИТЕ

По добивањето на одобрение за објава на Проспектот на Фондот од страна на Комисијата, Фондот ќе започне со вршење работи на прибирање парични средства по пат на јавен повик за запишување на удели. Јавниот повик трае 60 календарски дена од моментот на објавување на Проспектот. Јавниот повик, односно Проспектот на Фондот ќе биде објавен на интернет страната на Друштвото www.vegafondovi.mk во рок од 7 (седум) календарски дена по добивање одобрување за содржината на Проспектот од страна на Комисијата.

Во тој рок потребно е Фондот да прибере парични средства во износ од најмалку 600.000,00 денари. Денот кога е исполнет овој износ, јавниот повик за прибирање на парични средства се прекинува и истиот ќе се смета за ден на основање на фондот, кој воедно е и прв ден на вреднување. Инвеститорите кои ќе се запишат во регистарот на удели на првиот ден на вреднување ќе се стекнат со удели по почетна вредност на уделот од 100,0000 денари.

Во случај да не се обезбедат паричните средства во рокот и во износот утврдени во ставот (1) и ставот (2) од оваа точка соодветно, Депозитарната банка во рок од 8 дена по истекот на утврдениот рок ќе изврши поврат на прибраните средства на инвеститорите.

**ПОЧЕТНА ЦЕНА НА УДЕЛИТЕ**

Почетната цена на поединечен удел во Фондот изнесува 100,00 денари. Цената на уделите во Фондот е единствена цена еднаква на нето вредноста на имотот на фондот по удел, која се пресметува врз основа на пазарната цена на сите финансиски инструменти од портфолиото на Фондот.

**МИНИМАЛЕН ИЗНОС НА ПОЕДИНЕЧНИ ВЛОЖУВАЊА ВО ФОНДОТ**

Минималниот износ на вложување во Фондот зависи од видот на уплата кој го врши инвеститорот.

*Еднократна уплата*

Еднократна уплата е погодна за оние инвеститори кои вложувањето ќе го прават наеднаш и кои не сакаат да се обврзуваат на дополнителни уплати. Минималниот паричен износ за купување на удели преку еднократна уплата изнесува 1.000 денари.

*Инвестициски план*

Инвеститорите можат да изберат Инвестициски план на вложување, односно да инвестираат преку повеќе уплати во одреден временски период. Инвестициски план може да се склучи за временски период од минимум 3 години до максимум 30 години.

Минималниот вкупен износ на уплата за инвестициски план изнесува 153.000 денари.

Инвестицискиот план се активира со уплата на парични средства во износ кој е поголем од износот на влезниот надоместок, кој се наплаќа во целост при првата уплата. Следните уплати Инвеститорот ги прави по свој избор во однос на динамика и износ на уплата, односно може да вложува повеќе пати во годината и во различни износи.

Инвестицискиот план завршува кога во целост ќе се уплати договорениот износ или кога ќе измине временскиот период за кој е склучен. Инвестицискиот план се прекинува доколку инвеститорот направи целосен или делумен откуп. Во случај на прекинување на планот инвеститорот нема право да бара поврат на веќе наплатениот влезен надомест.

*Договор за инвестициски план*

Инвестицискиот план претставува договор за купување на удели во Фондот во име и за сметка на трето лице, кое со вклучувањето во инвестицискиот план станува сопственик на удели од Фондот т.е краен корисник. Овој договор се склучува помеѓу правно лице – работодавач, здружение на работодавачи, професионалноздружение, синдикат, здружение на граѓани, конзорциум или друг облик на организирање/здружување на лица кој е регистриран во согласност со закон (во натамошниот текст: Организатор) и Друштвото. На основа на овој договор Организаторот се обврзува да уплати определен паричен износ за купување на удели во Фондот во име и за сметка на крајниот корисник.

Организаторот е должен да достави до Друштвото известување за престанок на работен однос, деловен однос, односно за престанок на сите идни уплати на сметка на било кој член, по било кој основ. Член на инвестициски план на кого му престанал работниот однос, деловниот однос, односно својство на член на Организаторот, може да остане во Фондот или да поднесе Барање за делумен или целосен откуп на удели, согласно со Статутот и Проспектот на Фондот.

Вложувањето во Фондот преку Договор за инвестициски план може да се врши за минимален износ на уплата од 1.000,00 денари.

**ПОСТАПКА И УСЛОВИ ЗА ИЗДАВАЊЕ УДЕЛИ**

Друштвото, по добивањето на одобрение од Комисијата за организирање на Фондот, издава удели во Фондот. Вложувачите поднесуваат Барање за купување удели и преку уплата на парични средства и прифаќање на поднесеното барање и уплатените парични средства од страна на Друштвото влегуваат во договорен однос со Фондот. Со тоа вложувачите ја изразуваат својата волја дека ги прифаќаат условите за вложување дефинирани во овој Проспект. Дополнително, вложувачите се изјаснуваат за прифаќање на Статутот, Проспектот и Документот со клучни информации со потпишување на Изјава која е составен дел на Пристапницата во инвестициски фонд и Барањето за купување удели. Со издавањето на удели вложувачот се запишува во регистарот на удели. Барањето

за купување се пополнува на посебна форма изготвена од Друштвото. Барањето за купување можат да се подигне и пополни во деловните простории на Друштвото или надвор од деловните простории преку овластените лица за продажба на удели и на интернет страната на Друштво www.vegafondovi.mk.

Доколку како инвеститор се јави, странка - физичко лице, се легитимира со важечки документ за лична идентификација (лична карта или пасош).

Кога се работи за странка - правно лице, треба да достави веродостоен документ согласно со законските прописи, како тековна состојба од регистрацијата или друг документ од надлежен орган,каде се наведени податоци за правното лице и лична карта од законскиот застапник на правното лице.

Во случај кога странката, физичко или правно лице, се претставува преку полномошник, кон Барањето за купување треба да приложи и нотарски заверено полномошно, кое треба да содржи изрично овластување за купување на удели.

Во определени специфични случаи (кога странката е малолетно лице или лице на кое му е делумно или целосно ограничена деловната способност), Барање за купување на удели поднесува законскиот застапник (родител, старател, посвоител) на малолетното лице или лицето на кое му е делумно или целосно ограничена деловната способност.

Личните податоци кои се собираат, обработуваат и користат од страна на Друштвото, се обработуваат единствено во согласност со целите утврдени со Законот, Проспектот и Статутот на Фондот, а во согласност со прописите за заштита на личните податоци.

Купувањето на удели се врши исклучиво со уплата на парични средства, со што купувачот на удели заснова договорен однос со Друштвото, кое се обврзува дека со уплатените парични средства ќе управува како со дел од заедничкиот имот во согласност со условите назначени во овој Проспект. Под уплата се подразбира реален прилив на парични средства на трансакциската сметка на Фондот.

Доколку инвеститорите паричните средства за купување на удели ги уплатат во текот на денот (Т) до 24:00 часот, истите купуваат удели според вредноста на уделот на денот на уплатата (Т). За уплатата извршена по 24:00 часот, уделите се купуваат според вредноста на поединечниот удел на наредниот ден (Т+1).

Потврда за купување и состојба на удели, без разлика на начинот на кој се стекнати се издава од страна на Друштвото, во рок од 1 (еден) работен дена по извршување на уплата во Фондот.

За издадените удели се води евиденција во електронска форма во Друштвото и во депозитарната банка.

**ПОСТАПКА И УСЛОВИ ЗА ОТКУП И ИСПЛАТА НА УДЕЛИТЕ**

Секој сопственик на удели од Фондот има право да бара откуп на одреден број или сите удели кои ги поседува и на тој начин да истапи од Фондот.

Сопствениците на удели можат во секое време да поднесат Барање за откуп на сите или на одреден број на удели. Барање за откуп се пополнува на посебен формулар изготвен од Друштвото, а истиот може да се добие во деловните простории на Друштвото, преку продажната мрежа воспоставена на договорна основа или на интернет страната.

При поднесување на Барање за откуп, странката задолжително се легитимира со соодветен документ. Физичко лице се легитимира со важечки документ за лична идентификација (лична карта или пасош). Доколку станува збор за правно лице, легитимирањето се врши со поднесување на веродостоен документ согласно со законските прописи, како тековна состојба од регистрацијата или друг документ од надлежен орган и лична карта од законскиот застапник на правното лице.

Откупот на уделите се врши според цената што одговара на вредноста на уделот утврдена првиот нареден ден на процена по поднесувањето на Барање за откуп на удели (во натамошниот текст: Барање за откуп). Доколку Барањето за откуп е поднесено по 14:00 часот на тековниот ден, истото ќе се смета дека е примено наредниот ден.

Потврда за откуп и состојба на удели се издава од страна на Друштвото, во рок од 1 (еден) работен ден по извршената исплата од фондот на барање на вложувачот. За откупените удели се води евиденција во електронска форма во Друштвото и во депозитарната банка.

На основа на поднесеното Барање за откуп од страна на сопственикот на удели, Друштвото дава налог до депозитарната банка, која врши исплата на утврдениот износ на трансакциска сметка на сопственикот на уделите, наведена во образецот на Барањето за откуп.

Друштвото е должно да изврши исплата на средствата за откупените удели од Фондот најдоцна 7 (седум) календарски дена по приемот на Барањето за откуп.

**ОКОЛНОСТИ ПОД КОИ МОЖЕ ДА ДОЈДЕ ДО ПРЕКИН НА ИЗДАВАЊЕ И ОТКУП НА УДЕЛИТЕ**

Продажбата и откупот на уделите во Фондот може да се прекине доколку Друштвото и депозитарната банка сметаат дека не е можно да се утврди точната цена на имотот од портфолиото на Фондот, при што престанува продажбата и откупот на удели во интерес на постоечките и потенцијалните сопственици на удели. Прекин на продажбата и откупот на удели во отворениот инвестициски фонд може да настане и кога во рок од 1 (еден) ден се достават барања за откуп на удели од фондот во износ поголем од 10% од вредноста на имотот на фондот, а фондот во законски пропишаниот рок не е во можност да ги реализира барањата. Прекинот на продажба и откуп на удели, Друштвото ќе го пријави до Комисијата и ќе го објави во најмалку два дневни весници во Република Северна Македонија, и на својата интернет страница. Прекин на продажба и откуп на удели, Друштвото може да изврши по добивање на согласност од страна на Комисијата и за истиот писмено ќе ги извести сопствениците на удели. Друштвото за управување со инвестициски фондови веднаш, не покасно од 24 часа по констатирањето дека не може да ја утврди точната цена на имотот од портфолиото на Фондот, до Комисијата доставува барање за добивање согласност на прекин на продажба и откуп на удели на отворениот инвестициски фонд. Во периодот на постапката за добивање согласност од Комисијата за прекин на продажбата и откупот на удели во отворениот инвестициски фонд, Друштвото не смее да продава и откупува удели од фондот се до завршување на постапката за добивање согласност која се води пред Комисијата. Привремен прекин на продажба и откуп на удели може да настане и доколку Комисијата се стекне со сознанија, или има оправдани причини за сомнеж дека на вложувачите им се нанесува штета поради неточна пресметка на цената на уделите во Фондот. Прекинот на продажба и откуп ќе заврши откако Друштвото и депозитарната банка оценат дека е можно да се одреди точната цена на имотот на портфолиото на отворениот фонд, а најдоцна во рок од 28 (дваесет и осум) дена од почетокот на престанокот освен ако Комисијата не се согласи за продолжување на назначениот рок. Известувањето за продолжување на продажбата и откупот на удели во Фондот ќе се објави во најмалку два дневни весници во Република Северна Македонија.

За времето додека трае прекинот на продажба и откуп на удели, Друштвото може да продолжи со примање на барања за продажба или откуп на удели кои ќе се реализираат по завршувањето на прекинот. Додека трае прекинот сите барања за откуп или продажба на удели нема да бидат извршени во роковите предвидени со овој Проспект и Статутот на Фондот.

**2.5 ИНФОРМАЦИИ ЗА НАЧИНОТ И ПРАВИЛАТА ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПРИХОДИТЕ ИЛИ ДОБИВКАТА НА ФОНДОТ ОД СТРАНА НА ИМАТЕЛИТЕ НА УДЕЛИ**

Приходите на Фондот се пресметуваат согласно со законските и подзаконските прописи, меѓународните сметководствени стандарди и меѓународните стандарди за финансиско известување, а во зависност од класификацијата на финансиските инструменти во одредени портфолија (кои се чуваат до доспевање, расположливи за продажба, расположливи за тргување).

Приходите кои ги остварува Фондот се користат за исплата на обврските на Фондот, предвидени со Законот и со овој Проспект, како и за реинвестирање според целите и политиката на Фондот.

**2.6 ПРИНЦИПИ НА ВЛОЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА КАКО И ТИПОВИ НА СРЕДСТВА ВО КОИ Е ДОЗВОЛЕНО ВЛОЖУВАЊЕ, ОДНОСНО КАТЕГОРИИ НА СРЕДСТВА И ВИДОВИ НА ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ ВО КОИ ЌЕ БИДАТ ИНВЕСТИРАНИ СРЕДСТВАТА НА ФОНДОТ**

Со цел остварување на поставените цели и политика, при инвестирањето на средствата на Фондот, Друштвото ќе ги почитува следните принципи:

- Профитабилност;
- Ликвидност;
- Диверзификација на ризикот при вложувањата на средствата на Фондот;
- Транспарентност;
- Заштита на интересите на инвеститорите;
- Доверливост и тајност на податоците;
- Непристрасност, неутралност, совесност и професионалност;
- Постапување со внимание на добар стопанственик.

Средствата на Фондот ќе бидат инвестираниво согласност со членот 66 и член 67 од Законот и согласно Правилникот за дозволени вложувања, ограничувања на вложувањата и пречекорување на ограничувањата за вложување на имотот на Фондот, донесен од Комисијата, во следните видови инструменти:

- **Сопственички хартии од вредност –** акции или други финансиски инструменти кои обезбедуваат сопственички права без географски ограничувања;
- **Удели или акции на инвестициски фондови -** кои се во приближно слична ризична категорија и имаат иста или слична стратегија на вложување и нивниот надоместок за управување не изнесува повеќе од 3% од имотот на фондот на годишно ниво;
- **Депозити -** во овластени банкиво РСМ со рок на достасување до 1 година;
- **Парични средства –** трансакциска сметка во домашна или странска валута**.**

## 3. ОПИС НА ЕЛМЕНТИТЕ ПОВРЗАНИ СО ВЛОЖУВАЊЕТО ВО ФОНДОТ

### А) ДЕТАЛЕН ОПИС НА ИНВЕСТИЦИСКА ПОЛИТИКА/СТРАТЕГИЈА И ИНВЕСТИЦИСКИТЕ ЦЕЛИ

Инвестициската цел на Фондот е остварување на адекватен принос за сопствениците на удели во фондот, односно раст на вредноста на уделот на долг временски период со едновремено минимизирање на ризиците од вложувањето и почитување на принципите на ликвидност и диверзификација.

Инвестициската цел ќе се оствари преку професионално управување со средствата на фондот, при што ќе се применува активно управување, базирано на највисоки етички и професионални стандарди, односно креирање на портфолио на хартии од вредност на најразвиените и најрегулирани пазари во светот.

Најмалку 85% од портфолиото на фондот ќе биде вложено во акции, до максимум 100%, согласно табелата во подточка Б. Во одредени моменти кога на пазарите е присутна нестабилност и кога се очекува надолен тренд на цените, Друштвото може да ја намали изложеноста во акции, односно дел од портфолиото да го пласира во удели или акции издадени од други инвестициски фондови, како и во парични средства или депозити, до максимим 15%, со цел амортизирање на негативните ефекти.

Политиката на Фондот е насочена кон вложување во реномирани, т.н. „Blue chips"и „Dividend stocks" компании со голема и средна пазарна капитализација, со диверзификација на различни географски подрачја и различни сектори. Притоа, структурата на портфолиото на фондот може да варира како резултат на реакција на пазарните околности. При креирање на структурата на портфолиото, друштвото ќе ги има предвид макроекономските и финансиски прогнози и фактори поврзани со различни географски пазари или сектори, како и фундаметнталните показатели поврзани со конкретните компании. Имајќи ги предвид напреднаведените показатели, преку активно управување на портфолиото на дискрециона основа, Друштвото ќе настојува да ги искористи различните фази на економскиот циклус и пазарни состојби во различни географски подрачја и сектори, притоа вложувајќи ги средствата во компании со здрави финансиски показатели.

Во процесот на управување Друштвото може да користи различни стратегии на управување, водејќи се од принципите на минимизирање на ризикот и диверзификација на портфолиото на фондот: Dividend Growth Investing (инвестирање во компании со континуиран раст на дивиденда), Value Investing (стратегија за инвестирање во здрави и профитабилни компании); Event Driven Strategy (стратегија темелена на специфични глобални случувања); Active stock picking (активно тргување) и Buy and Hold (долгорочно поседување).

### Б) ПЛАНИРАНА СТРУКТУРА НА ПОРТФОЛИОТО НА ИНВЕСТИЦИСКИОТ ФОНД

Во табелата што следи се наведени инструментите и максимален процентуална изложеност по видови инструменти:

| **Вид на инструмент** | **Процент од портфолиото** | |
|---|---|---|
| | мин. | макс. |
| Акции | 85% | 100% |
| Удели или акции од инвестициски фондови | 0% | 15% |
| Парични средства и Депозити | 0% | 15% |

Структурата на портфолиото ќе биде достапна на интернет страната на Друштвото, однсоно истата ќе се објавува согласно позитивната законска регулатива.

Во одредени случаи кога Фондот располага со ниска ликвидност, а во исто време потребно е да се сервисираат, односно да се направи плаќање по одредена достасана обврска, Друштвото може во свое име а за сметка на Фондот да позајми средства со цел користење на истите за откуп на удели во Фондот. Ваквото задолжување се одобрува само во случај да слободните парични средства во Фондот не се доволни за подмирување на откупот, при што износот на сите позајмицата (заем или кредит) по тој основ во збир не смеат да преминат 10% од нето вредноста на Фондот мерено во моментот на земање на тие позајмици. Рокот на позајмиците не смее да биде подолг од 3(три) месеци.

Друштвото врз основа на пополнета Апликација за регистрирање на клиент прави проценка за прифаќање или одбивање на деловниот однос со Вложувачот. Во случај Друштвото да го одбие деловниот однос, а веќе се уплатени парични средства на сметката на фондот, Друштвото ги враќа уплатените парични средства на Вложувачот во рок од 5 (пет) дена од денот на одбивање на деловниот однос.

Друштвото за управување може да го одбие склучувањето на договорот за вложување доколку:

- оцени дека целта на уплатата или на барањето за издавање удели е да се нанесе штета на останатите инвеститори во отворениот фонд, односно отворениот фонд би можел да биде изложен на ризик од неликвидност и несолвентност или би било оневозможено остварувањето на инвестициската цел и стратегија на отворениот фонд.
- односите помеѓу друштвото за управување и инвеститорот се тешко нарушени поради постоење на судска или друга постапка. и
- постои основано сомнение дека е извршено или има обид да биде извршено перење пари или финансирање на тероризам согласно прописите од областа на спречување перење пари и финансирање на тероризам.

Доколку Друштвото го одбие склучувањето на овој Договор, должено е за тоа да го извести Вложувачот. Одбивањето на склучување на овој Договор е можно се до моментот на упис на Вложивачот во Регистарот на удели.

Доколку е извршена уплата на парични средства од страна на инвеститорот, а Друштвото го одбие воспоставувањето на на деловниот однос, Друштвото е должно на инвеститорот да му ја врати целата сума на уплатени средства на сметката од која е извршена уплатата во рок 5 (пет) дена од денот на одбивањето на деловниот однос.

## 4. ПРОФИЛ НА ИНВЕСТИЦИСКИТЕ РИЗИЦИ И УСПЕШНОСТА

### 4.1 ВИДОВИ НА ИНВЕСТИЦИСКИ РИЗИЦИ

Инвеститорите треба да се свесни дека со вложувањето во Фондот преземаат определени инвестициски ризици, со оглед на фактот дека вредноста на финансиските инструменти на пазарот на капитал секојдневно се менува т.е. вредноста на уделот може да расте или опаѓа и повратот на почетната инвестирана сума во секој момент, не е загарантиран. Инвестицискиот ризик претставува веројатност приносот од вложувањето во определен момент да биде помал од очекуваниот или негативен.

Земајќи ја во предвид стратегијата на Фондот, инвеститорите ќе бидат изложени на ризици кои се карактеристични за акциски фондови, односно ќе бидат изложени на средно до високо ниво на ризик. Акциските фондови се поризични од обврзничките, балансираните или паричните фондови, меѓутоа за сметка на поголемиот ризик инвеститорите може да остварат и поголем принос на долг или среден рок.

Со цел креирање на реална слика во однос на овој вид на вложување и донесување на разумна одлука за купување на удели од Фондот потенцијалните вложувачи се должни да го земат во предвид универзалното инвестициско правило согласно кое очекуваниот принос на вложените средства е соодветен на ризикот кој се презема со тоа вложување, односно, колку е повисок очекуваниот принос на вложените средства толку е повисок и ризикот кој се презема.

Друштвото ќе воспостави сеопфатен и ефикасен систем за управување со ризици соодветен на природата, видот и обемот на работењето на Фондот, кој ќе содржи: стратегија и политика за управување со ризици; постапки и мерки за управување со ризици и техники за мерење на ризиците и проценка, следење и преиспитување на управувањето со ризици

Со оглед на фактот дека со донесувањето на овој Проспект, Фондот отпочнува со работа, не може да биде пресметан било кој од индикаторите за ризик. Индикаторите со кои се мери ризичноста на Фондот ќе бидат пресметани и објавени согласно подзаконската регулатива донесена од Комисијата.

Приказ на видови ризици и оценка на нивно влијание врз Фондот (три нивоа: висок, среден, низок)

| **Вид на ризик** | **Степен на влијание** |
|---|---|
| Пазарен ризик | Висок |
| Каматен ризик | Низок |
| Кредитен ризик | Низок |
| Ликвидносен ризик | Низок |
| Валутен ризик | Среден |
| Ризик од промена на даночните прописи | Низок |
| Политички ризик | Низок |
| Ризик од друга договорна страна | Низок |
| Оперативен ризик и Ризик поврзан со чување на имотот на фондот | Среден |

Видовите ризици од кои директно или индиректно зависи работењето на Фондот и неговите резултати се следниве:

### Пазарен ризик

Нето вредноста на уделот во Фондот зависи од движењето на пазарните цени на хартиите од вредност кои се составен дел на портфолиото на Фондот. Намалувањето на цената на хартиите од вредност може да доведе до намалување на вредноста на портфолиото на Фондот и на остварените приноси и обратно, зголемувањето на цената на хартиите од вредност може да доведе до зголемување на вредноста на портфолиото на Фондот и на неговите приноси. Овој вид на ризик има најголемо влијание врз перформансите на Фондот. Со цел на заштита од пазарниот ризик, Друштвото ќе се залага за негово минимизирање преку диверзифицирање на портфолиото, согласно со принципот на дистрибуција на ризикот.

### Каматен ризик

Промената на каматните стапки може позитивно или негативно да се одрази на вредноста на средствата на Фондот, а особено на оној дел од средствата кој ќе биде инвестиран во депозити во овластени банки во РСМ. Со цел намалување на овој ризик, Друштвото средствата од фондот ќе ги орочува на различен временски период до максимум една година.

### Кредитен ризик

Кредитниот ризик претставува веројатност дека издавачот на одредена хартија од вредност нема да биде во состојба, во целост или делумно, да ги подмири своите обврски во моментот кога тие ќе доспеат. Неисполнувањето на обврските од страна на издавачите на хартии од вредност би имало влијание на ликвидноста и би ја намалило вредноста на Фондот. Друштвото ќе го минимизира овој ризик со тоа што во своето портфолио Фондот нема да вложува во должнички хартии од вредност (обврзници).

### Ликвидносен ризик

Ризик поврзан со ликвидноста претставува веројатност дека Фондот во одреден момент ќе има потешкотии при изнаоѓање на средства за да ги подмири обврските поврзани со повлекување на удели од Фондот. Како резултат на неможноста брзо да се продадат финансиските средства по цена приближно еднаква на нивната реална вредност, пред сé поради моменталната неповолна побарувачка на пазарот. Друштвото ќе управува со ликвидниот ризик преку вложување во ликвидни хартии од вредност на најликвидните берзи.

### Валутен ризик

Валутниот ризик претставува форма на ризик која се јавува при промената на цената на една валута во однос на друга. Фондот во своето портфолио поседува хартии од вредност деноминирани во различни валути и можните промени на овие валути во однос на домашната валута може да доведат до зголемување или намалување на вредноста на уделите. Овој ризик Друштвото ќе го редуцира со диверзифицирање на портфолиото во различни странски валути.

### Ризик од промена на даночните прописи

Ризикот од промена на даночните прописи претставува веројатност дека законодавната власт, во Република Северна Македонија или во странство, ќе ги промени даночните прописи на начин кој негативно би влијаел на приносот на Фондот. Ризикот од промена на даночните прописи во целост е надвор од доменот на влијание на Друштвото.

### Политички ризик

Можноста од евентуални политички кризи во земјите во коишто инвестирал Фондот согласно овој Проспект, може да доведе до промена на имотот на Фондот. За да се заштити од овој ризик Друштвото ќе го инвестира имотот на Фондот на начин што ќе овозможи што помало изложување на пазарите на кои може да се очекува политичките кризи да имаат поголемо влијание.

### Ризик од друга договорна страна

Ризик дека другата договорна страна нема да ги намири своите парични обврски кон Фондот врз основа на финансиски инструменти, пред или на датумот на порамнување. Со оглед на високата регулација и начинот на порамнување на трансакциите со финансиски инструменти, според принцип Испорака наспроти плаќање и Примање наспроти плаќање.

### Оперативен ризик и Ризик поврзан со чување на имотот на фондот

Ризик од загуба, поради несоодветни или слаби внатрешни процеси, несоодветен кадар и несоодветни или слаби системи и надворешни настани. Оперативниот ризик го вклучува и правниот ризик, како и ризикот од перење пари и финансирање на тероризмот, ризикот од несоодветност на информативните системи и други оперативни ризици.

**4.2 РИЗИЦИ ПОВРЗАНИ СО ДРУШТВОТО И УПРАВУВАЊЕ СО ИСТИТЕ**

Друштвото управува со капиталот за да се обезбеди дека ќе продолжи да работи и во иднина според принципот на континуитет преку настојување да постигне оптимален баланс помеѓу долговите и вкупната главнина. Структурата на капиталот на Друштвото се состои од уплатен капитал, законски резерви, останати резерви, неконтролирачко учество и акумулирана добивка.

### Ризик на задолженост

Раководството ја следи структурата на изворите на финансирање на Друштвото на годишна основа. Како дел од ова следење, Раководството ги анализира трошокот на капиталот и ризиците поврзани со секоја одделна класа на капиталот.

### Оперативен ризик

Оперативен ризик е ризикот од директна или индиректна загуба која произлегува од голем број различни причини поврзани со процесите на Друштвото, вработените, технологијата и инфраструктурата и од надворешни фактори различни од кредитни, пазарни ризици и ризици на ликвидност, како што се оние кои произлегуваат од барањата на законската регулатива и општо прифатените стандарди за корпоративно однесување. Оперативните ризици произлегуваат од сите операции на Друштвото. Примарната одговорност за развој и имплементација на контроли кои се однесуваат на оперативниот ризик е на Раководство на Друштвото. Друштвото активно ја прати изложеноста на оперативен ризик во сите организациски делови и процеси.

### Валутен ризик

Друштвото своето работење доминантно го одвива во рамките на платниот промет во РСМ. Според тоа најголем број од трансакциите се одвиваат во домашна валута. Само одреден број плаќање во мал обем се реализираат кон странство и тоа се единствените случаи во кои промената на курсот може негативно да влијае врз Друштвото. Влијанието на овој ризик е мал.

### Пазарен ризик

Ризикот од цената на капиталот е веројатноста дека цената на капиталот ќе флуктуира и ќе влијае на фер вредноста на вложувањата во акции и останатите инструменти чија вредност произлегува од конкретни вложувања во акции или од индексот на цените на капиталот. Друштвото е изложено на ризик од промена на цените на вложувањата во хартии од вредност и истиот е надвор од контрола на Друштвото. Како мерка која може да се превземе за да се управува со овој ризик е диверзификација на хартиите од вредност по видови на имот.

### Кредитен ризик

Друштвото е изложено на кредитен ризик во случај кога неговите купувачи нема да бидат во состојба да ги исполнат своите обврски за плаќање, како и од пари и парични средства, депозити во банки и финансиски институции. Друштвото нема изложеност на кредитен ризик за побарувањата од Фондовите со кои тоа управува.

### Каматен ризик

Друштвото се изложува на ризик од промени на каматни стапки во случај кога користи кредити и позајмици договорени по варијабилни каматни стапки или кога има пласирано средства кај други друштва или банки договорени по варијабилни каматни стапки.

### Ликвидносен ризик

Ликвидносен ризик или ризик од неликвидност постои кога Друштвото нема да биде во состојба со своите парични средства редовно да ги плаќа обврските спрема своите доверители. Друштвото ги менаџира своите средства и обврски на таков начин што може да ги исполни сите свои доспеани обврски во секое време. Во одредени случаи кога Фондот располага со ниска ликвидност, а во исто време потребно е да се сервисираат, односно да се направи плаќање по одредена достасана обврска, Друштвото може во свое име а за сметка на Фондот да позајми средства со цел користење на истите за откуп на удели во Фондот. Ваквото задолжување се одобрува само во случај да слободните парични средства во Фондот не се доволни за подмирување на откупот, при што износот на сите позајмицата (заем или кредит) по тој основ во збир не смеат да преминат 10% од нето вредноста на Фондот мерено во моментот на земање на тие позајмици. Рокот на позајмиците не смее да биде подолг од 3(три) месеци.

**4.3 ИЗЈАВА**: Фондот е основан со Решение број УП1 08-121 од 22.03.2022 година издадено од Комисијата.

**4.4 ИЗЈАВА**: *Име на држава, локална самоуправа или меѓународна организација во чии хартии од вредност ќе се вложи повеќе од 35% од имотот на фондот*:

Не е предвидена можност за изложување поголемо од 35% од имотот на Фондот во еден издавач.

**4.5 ДОЗВОЛЕНИ ВЛОЖУВАЊА ВО ДЕРИВАТИВНИ ФИНАНСИСКИ ИНСТУМЕНТИ**

Фондот нема да вложува во термински и опциски договори и други деривативни финансиски инструменти со кои се тргува на регулирани пазари и/или деривативни финансиски инструменти со кои се тргува преку шалтер или инструменти кои имаат кои нудат финансиски лост левериџ.

**4.6 ПОСЕБНИ ТЕХНИКИ НА УПРАВУВАЊЕ СО СРЕДСТВА:**

Друштвото не користи посебни техники на управување со средства.

**4.7 ИЗЈАВА**: Средствата на Фондот ќе бидат инвестираниво согласност со членот 66 од Законот и согласно Правилникот за дозволени вложувања, ограничувања на вложувањата и пречекорување на ограничувањата за вложување на имотот на Фондот, донесен од Комисијата.

**4.8 РЕПЛИЦИРАЊЕ НА ПАЗАРЕН ИНДЕКС:**

Инвестициската политика на Фондот не вклучува реплицирање на одреден пазарен индекс.

**4.9. ВОЛАТИЛНОСТ НА НЕТО ВРЕДНОСТА НА ИМОТОТ НА ФОНДОТ:**

Волатилноста на нето вредноста на имотот на Фондот се пресметува согласно Одлуката за утврдување на начинот на пресметување на приносот по удел во отворен инвестициски фонд и за пресметување на волатилноста на инвестициски фонд донесена од страна на КХВ. Заклучно со 31.03.2024 година стандардната девијација на Фондот изнесува 9,69% на годишна основа. Повисоката волатилност по правило укажува на поголеми флуктуации на цената на уделот и обратно. Волатилноста на Фондот е директно поврзана со структурата на портфолиото, односно со волатилноста на финансиските инструменти кои се вклучени во него. Индикатор за синтетички ризик и принос се мери на скала од 1 (најниско) до 7 (највисоко) и ја утврдува ризичната класа на Фондот. Фондот припаѓа во ризичната класа 4, во која се категоризираат фондовите со стандардна девијација во интервал помеѓу 5% и 10% на годишна основа. Податокот за волатилноста и ризичната класа е составен дел на сите периодични извештаи што ги изготвува Друштвото за Фондот, а се објавува на интернет-страницата на Друштвото.

**4.10 НАЧИН И ВРЕМЕ НА ПРЕСМЕТКА НА НЕТО ВРЕДНОСТА НА ИМОТОТ НА ФОНДОТ, И ОСНОВАТА НА КОЈА СЕ ПРЕСМЕТУВА НЕТО ВРЕДНОСТА НА ФОНДОТ**

Нето вредноста на имотот на Фондот се утврдува како разлика помеѓу вредноста на имотот на Фондот (односно пазарната вредност на финансиските инструменти во кои се вложени средствата на Фондот) и вредноста на вкупните обврски на Фондот.

Имотот на Фондот на денот на вреднување претставува збир на вредноста на сите видови на средства кои со Законот се пропишани како дозволени вложувања и кои се во согласност со ограничувањата за вложување на средствата на Фондот.

Нето вредноста на имотот на Фондот на денот на вреднување се пресметува врз основа на пазарните вредности на хартиите од вредност и депозитите во финансиските институции и други имотни вредности на Фондот, со одземање на обврските на Фондот на истиот ден, согласно Правилникот за утврдување на нето вредноста на имотот на отворен и затворен инвестициски фонд и за пресметување на нето вредноста на имотот по удел или по акции во инвестицискиот фонд.

**4.11 ВРЕМЕ И НАЧИН НА ЗАЧЕСТЕНОСТ НА ПРЕСМЕТКА НА ЦЕНИТЕ НА УДЕЛИТЕ, НАЛИНОТ НА ОБЈАВА НА ЦЕНИТЕ, ОПИС НА ИЗНОСОТ И ЗАЧЕСТЕНОСТ НА ПЛАЌАЊЕТО НА ДОЗВОЛЕНИТЕ НАДОМЕСТОЦИ И ТРОШОЦИ ЗА ИЗДАВАЊЕ И ОТКУП НА УДЕЛИ**

Нето вредноста на имотот на Фондот по удел е нето вредност на имотот на Фондот поделена со бројот на уделите на Фондот на денот на вреднување.

Ден на вреднување е денот за кој се пресметува нето вредноста на имотот на Фондот. Денот на вреднување (т-1) му претходи на денот на пресметка (т) во текот на кој што се пресметува нето вредноста на имотот на Фондот.

Вкупниот број на удели на Фондот на денот на вреднувањето се утврдува со намалување на бројот на удели од претходниот ден на вреднување кои Фондот ги повлекол за сметка на лицата кои на денот на вреднувањето поднеле барање за откуп на уделите во Фондот и со тоа престанале да бидат сопственици на уделите, а се зголемува за бројот на удели кои Фондот ги издал на лицата чии средства на денот на вреднувањето се евидентирани на сметката на Фондот со цел за купување на удели во Фондот, а се во согласност со условите во Проспектот и Статутот на Фондот.

Нето вредноста по удел и вкупниот број на удели на Фондот се пресметува и изразува во четири децимални места. Сите зголемувања и намалувања на бројот на удели во Фондот се пресметани и изразени во четири децимални места.

Нето вредноста на имотот на Фондот и нето вредноста на имотот по удел се пресметува секој работен ден до 16:00 часот за секој ден од годината.

## 5. ИСТОРИСКИ ПОДАТОЦИ ЗА ПРИНОСОТ

Заклучно со 31.03.2024 година просечниот принос од основање (од 31.03.2021, кој воедно е и прв ден на вреднување) изнесува 0,20%. Истиот е пресметан согласно Одлуката за утврдување на начинот на пресметување на приносот по удел во отворен инвестициски фонд и за пресметување на волатилноста на инвестициски фонд (Службен весник на РСМ број 170/2010). Приносот во минатото има информативен карактер и не претставува индикација за можниот принос во иднина. Остварениот принос во минатото е изразен по одбивањето на сите трошоци кои се наплатуваат на товар на имотот на Фондот.







## 6. НАЧИН НА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ИЗНОСОТ НА НАДОМЕСТОЦИТЕ И ТРОШОЦИТЕ НА ТОВАР НА ИМОТОТ НА ФОНДОТ И ИНВЕСТИТОРОТ

На товар на имотот на Фондот се пресметуваат следните надоместоци и трошоци:

- Надоместок за управување со Фондот;

- Надоместок на депозитарната банка;
- Трошоци во врска со купопродажба на имотот на Фондот;
- Други трошоци кои ќе произлезат во текот на работењето.

### 6.1. НАДОМЕСТОК ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ФОНДОТ

Надоместокот кој се наплатува од Фондот е надоместокот за управување на Друштвото, а се пресметува врз основа на дневна нето вредност на Фондот по следната формула:

Остварен годишен надомест за управување X 1 / 365

Друштвото наплатува надоместок за управување во висина од 3,00 % годишно од нето вредноста на имотот на Фондот и истиот во целост му припаѓа на Друштвото. Друштвото го наплатува надоместокот за управување еднаш месечно, како збир на сите дневни вредности на надоместок за месецот на кој што се однесува пресметката.

### 6.2. НАДОМЕСТОК НА ДЕПОЗИТАРНАТА БАНКА

Друштвото на товар на имотот на Фондот плаќа надоместоци и трошоци на Депозитарната банка за работите кои се дефинирани во договорот со Депозитарната банка, Законот, Статутот и Проспектот на Фондот и Тарифата за надоместоци и трошоци за вршење на работи на Депозитарната банка. На товар на имотот на Фондот, Друштвото на Депозитарната банка ѝ плаќа надоместок од 0,27% на годишно ниво. Основа за пресметка на надоместокот претставува нето вредноста на имотот на Фондот за денот кој претходи на денот на вреднување. Процентот се искажува на годишно ниво со примена на пропорционална метода actual/actual, а наплатата на надоместокот се врши на месечна основа.

Исто така, на товар на имотот на Фондот, Друштвото на депозитарната банка и плаќа за трошоците на суб-депозитарна банка. Износот на овие трошоци е еднаков на реално остварените трошоци.

### 6.3. ТРОШОЦИ ВО ВРСКА СО КУПОПРОДАЖБА НА ИМОТОТ НА ФОНДОТ

Овие трошоци ги содржат сите трошоци поврзани со купување и продавање на имотот на Фондот (на пример: трошоци за брокерски провизии, берзанска такса, такса за Централен депозитар на хартии од вредност, даноци и евентуални други трошоци поврзани со порамнувањето на трансакциите). Износот на овие трошоци е во висина на стварните трошоци кои произлегуваат од договорите, односно тарифниците на релевантните институции и истите се на товар на имотот на Фондот. Трошоците за купување и продавање се разликуваат во зависност од типот на хартиите од вредност и големината на налогот.

### 6.4. ДРУГИ ТРОШОЦИ КОИ ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ВО ТЕКОТ НА РАБОТЕЊЕТО

Останати трошоци кои ќе призлезат во текот на работењето, а може да се наплатуваат на товар на имотот на Фондот се:

- Трошоци за годишна ревизија;
- Трошоци за изработка, печатење и поштарина на полугодишни и ревидирани годишни извештаи за сопствениците на удели;
- Трошок за исплата на данокот на имот и добивка на Фондот;
- Трошоци за објава на Проспектот и други пропишани објави;
- Трошоци за месечен надомест на Комисијата.
- Трошоци во врска со бенефициите кои произлегуваат од договорите за одбегнување двојно оданочување. Друштвото преку депозитарната банка ќе спроведе постапка за поврат на данокот од капитал склучени меѓу РСМ и странски држави, односно данок на дивиденда кој е задржан при самата исплата на дивиденда од странски издавачи.
- Други трошоци утврдени со закон.

Овие трошоци ги содржат трошоците кои ќе произлезат во текот на работењето на Фондот и може да бидат наплатувани на товар на имотот на Фондот во висина на реално остварените трошоци кои произлегуваат од договорите, односно тарифниците на релевантните институции.

Надоместоците кои може да се наплатуваат од инвеститорот во Фондот се:

- влезен надоместок кој се одбива од износот за уплата во моментот на продажба на уделите;
  - **Начинот на наплата на влезниот надоместок е објаснет во точка 6.5.**
- излезен надоместок кој се одбива од нето вредноста на имотот на Фондот по удел во моментот на откуп;
  - **При откуп на удели Друштвото нема да наплатува излезен надоместок.**
- трошоци за печатење на обрасци за запишување на удели;
  - **Трошоците за печатење на обрасци за запишување на удели нема да се пресметуваат и наплатуваат. Овие трошоци се на товар на Друштвото.**

### 6.5. ТРОШОЦИ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА УДЕЛИ – ВЛЕЗЕН НАДОМЕСТОК

Надоместок за издавање удели или влезен надоместок претставува надоместок кој инвеститорот го плаќа при уплата на средства во Фондот, со цел купување на удели и истиот се одбива од износот на првата уплата.

Фондот има унифицирана скала на влезен надоместок прикажана во табелата:

| **Износ (MKD)** | **Влезен надомест** |
|---|---|
| до 900.000 | 5,00% |
| 900.001 - 1.800.000 | 4,50% |
| 1. 800.001- 3.000.000 | 4,00% |
| 3.000.001 - 5.000.000 | 3,50% |
| 5.000.001 - 10.000.000 | 3,00% |
| 10.000.001 - 20.000.000 | 2,50% |
| 20.000.001 - 50.000.000 | 2,00% |
| 50.000.001 - 100.000.000 | 1,50% |
| над 100.000.001 | 1,00% |

Инвеститорите кои се веќе сопственици на удели во фондот за што платиле влезен надоместок, за идните уплати во фондот на кои би требало да се наплати влезен надоместок, ќе важи процент на влезен надоместок пресметан како кумулативен износ на првата уплата за која е веќе платен влезен надоместок и износот на новата уплата. Инвеститорите имаат два начини на уплата, еднократно уплата или инвестициски план.

Влезниот надоместок се пресметува со примена на следнава формула:

$$\textbf{влезен надоместок} = \textbf{вкупен износ на уплата} - \frac{\textbf{вкупен износ на уплата} \times 100}{100 + \%\textbf{влезен надоместок}}$$

#### 6.5.1. ЕДНОКРАТНА УПЛАТА

Инвеститорот кој се одлучи за еднократна уплата во Фондот, износот на влезен надомест ќе се пресмета според табелата од точка 6.5. Минималниот износ на вложување е дефиниран во точка 2.4. од овој Проспект.

*Пример:* Доколку едно лице инвестира 300.000,00 денари како еднократна уплата, влезниот надомест би бил 5,00% од уплатата, односно 14.285,71 денари, или 300.000 - ((300.000 x 100) / (100 + 5)).

Инвеститорите треба добро да ја проценат својата инвестициска цел и можности бидејќи во одредени ситуации Инвестисикиот план може да биде подобар и поевтин начин на вложување. Пример за таква ситуација: Инвеститорот кој вложил 3 пати по 300.000,00 мкд за секоја уплата ќе се примени стапка од 5% или инвеститорот по основ на влезен надоместок ќе платил вкупно 42.857,14 денари. Доколку истиот сака да направи дополнителна уплата од 100.000,00 денари на таа уплата ќе се примени стапка од 4,5% однсоно 4.306,00 денари. За сите 4 плати во вкупен износ од 1.000.000,00 денари инвеститорот платил 47.163,14 денари. Доколку инвеститорот истиот,

односно вкупниот износ го вложил преку инвестициски план тогаш влезениот надоместок би изнесувал 43.062,20 денари.

### 6.5.2. ИНВЕСТИЦИСКИ ПЛАН

Влезниот надоместок за издавање на удели кај уплати по Инвестициски план се пресметува и наплатува со првата уплата за целиот договорен износ за вложување. Со вложување преку Инвестициски план, инвеститорот може да стекне поповолен износ на влезниот надоместок во однос на еднократните уплати, во зависност од вкупниот договорен износ на планот, а согласно табелата во точка 6.5. Минималниот износ на вложување е дефиниран во точка 2.4. од овој Проспект.

*Пример:* Инвеститорот кој ќе одлучи да инвестира вкупно 2.000.000,00 денари во период од 25 години, доколку ги распореди упатите пропорционално на годишно ниво, би уплаќал по 80.000,00 денари годишно. Влезниот надомест ќе изнесува 76.923,08 денари, пресметан по формула 2.000.000 - ((2.000.000 x 100) / (100+4)) = 76.923,08 денари.

### 6.5.3. ДОГОВОР ЗА ИНВЕСТИЦИСКИ ПЛАН

Влезниот надоместок за издавање на удели кај уплати по Инвестициски план се пресметува и наплатува со првата уплата за целиот договорен износ за вложување, со што Организаторот на Инвестицискиот план може да се стекне со поповолни услови за купување на удели во зависност од висината на вкупно договорениот износ на Инвестицискиот план, а согласно табелата во точка 6.5.

### 6.5.4. ДОПОЛНИТЕЛНО НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛЕЗЕН НАДОМЕСТОК

Друштвото може да го намали или во целост да го ослободи од плаќање на влезен надоместок инвеститорот доколку како инвеститор се јави банка, инвестициски фонд, осигурителна компанија, пензиски фонд, или друг вид на професионален, односно институционален ивеститор. Доколку се оцени дека одреден инвеститор може да придонесе за привлекување нови инвестироти, да помогне во остварување соработка со потенцијални инвеститори за кои Друштвото смета дека ќе придонесат за пораст на средствата под управување, иститот може да биде ослободен целосно или делумно од плаќање на влезен надоместок. Доколку инвеститорот поседува удели или бил инвеститор во било кој од фондовите управуани од Друштвото за иститот може да се одобри намалување или ослободување од плаќање на влезен ндоместок.

### 6.5.5. ТРОШОЦИ ЗА ЗАМЕНА НА УДЕЛИ ОД ЕДЕН ВО ДРУГ ФОНД УПРАВУВАН ОД ДРУШТВОТО

Замена на удели претставува откуп на удели од еден фонд и истовремено издавање на удели од друг фонд со кои управува Друштво, од страна на ист вложувач и тоа за ист износ на парични средства, За извршување на замената нема да се наплатува надомест во вид на влезна провизија. Бројот на преноси кои може еден инвеститор да ги врши во текот на една календарска година е ограничен на 3 преноси.

## 7. ЦЕЛЕН ПАЗАР И СТРУКТУРА НА ВЛОЖУВАЊАТА НА ФОНДОТ

Портфолиото на Фондот доминантно се состои од акции. По исклучок, а во зависност од услови на финансиските пазари, целната структура (изложеност кон акциски пазари) може да биде помала, се со цел заштита на инвеститорите од пазарни ризици.

| Структура на вложување на Вега Свет - о.и.ф. на ден 31.03.2024 | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Положба | Ознака | | Количина | Цена | Валута | Вредност МКД | % | Вредност во Еур |
| **ВРЕДНОСТ НА ИМОТОТ НА ФОНДОТ** | | | | | | **14.361.794,83** | | **233.544,11** |
| | | | | | | | | |
| Пари на сметка (цасх) | | | | | | | | |
| МКД | | | 464.603,00 | | МКД | 464.603,00 | 3,55% | 7.555,13 |
| ЕУР | | | 6.983,65 | | ЕУР | 429.459,56 | 3,28% | 6.983,65 |
| УСД | | | 21.389,75 | | УСД | 1.219.170,83 | 9,30% | 19.825,53 |
| ГБП | | | 0,00 | | ГБП | 0,00 | 0,00% | 0,00 |
| ЦХФ | | | 4.891,30 | | ЦХФ | 309.168,80 | 2,36% | 5.027,54 |
| **Вкупно:** | | | | | | **2.422.402,19** | **18,48%** | **39.391,86** |
| | | | | | | | | |
| Побарувања | | | | | | | | |
| Дивиденда | | | 236,64 | | УСД | 13.487,99 | 0,10% | 219,33 |
| **Вкупно:** | | | | | | **13.487,99** | **0,10%** | **219,33** |
| | | | | | | | | |
| Хартии од вредност (ассетс) | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| Странски редовни акции | | | | | | | | |
| Алцоа Цорпоратион | АА.УС | | 160,00 | 33,7900 | УСД | 308.153,45 | 2,35% | 5.011,03 |
| Албемарле Цорпоратион | АЛБ | | 23,00 | 131,7400 | УСД | 172.704,78 | 1,32% | 2.808,44 |
| Адванцед Мицро Девицес, Инц. | АМД | | 35,00 | 180,4900 | УСД | 360.064,28 | 2,75% | 5.855,18 |
| АСМЛ Холдинг НВ | АСМЛ НА | | 9,00 | 892,2000 | ЕУР | 493.792,55 | 3,77% | 8.029,80 |
| Тхе Боеинг Цомпанѕ | БА | | 45,00 | 192,9900 | УСД | 495.001,11 | 3,78% | 8.049,45 |
| Алибаба Гроуп Холдинг Лимитед | БАБА | | 85,00 | 72,3600 | УСД | 350.571,28 | 2,68% | 5.700,81 |
| БлацкРоцк, Инц. | БЛК | | 3,00 | 833,7000 | УСД | 142.557,45 | 1,09% | 2.318,20 |
| Цатерпиллар ИНЦ | ЦАТ | | 20,00 | 366,4300 | УСД | 417.714,81 | 3,19% | 6.792,66 |
| Доњ Инц. | ДОЊ | | 50,00 | 57,9300 | УСД | 165.094,42 | 1,26% | 2.684,68 |
| Тхе Естée Лаудер Цомпаниес Инц. | ЕЛ | | 9,00 | 154,1500 | УСД | 79.076,04 | 0,60% | 1.285,89 |
| Енел СпА | ЕНЕЛ.МИ | | 1.000,00 | 6,1200 | ЕУР | 376.349,40 | 2,87% | 6.120,00 |
| Фреепорт-МцМоРан Цоппер анд Голд | ФЦЏ | | 240,00 | 47,0200 | УСД | 643.209,90 | 4,91% | 10.459,55 |
| Гленцоре плц | ГЛЕН.ЛОН | | 7,00 | 4,3500 | ГБП | 2.193,24 | 0,02% | 35,67 |
| Алпхабет Инц | ГООГЛ | | 65,00 | 150,9300 | УСД | 559.175,05 | 4,27% | 9.093,02 |
| Холцим Лтд | ХОЛН | | 137,00 | 81,6600 | ЦХФ | 707.133,32 | 5,40% | 11.499,04 |
| ЈД.цом Инц Адр | ЈД УС | | 90,00 | 27,3900 | УСД | 140.505,52 | 1,07% | 2.284,83 |
| ЈинкоСолар Холдинг Цомпанѕ | ЈКС УС | | 80,00 | 25,1900 | УСД | 114.862,17 | 0,88% | 1.867,83 |
| Цоца Цола Цо ТХЕ | КО | | 40,00 | 61,1800 | УСД | 139.485,26 | 1,06% | 2.268,24 |
| Ели Лиллѕ й Цо | ЛЛЅ | | 18,00 | 777,9600 | УСД | 798.157,55 | 6,09% | 12.979,23 |
| Мацѕ'с, Инц. | М | | 330,00 | 19,9900 | УСД | 375.998,05 | 2,87% | 6.114,29 |
| Мерцедес-Бенз Гроуп АГ | МБГ.ДЕ | | 133,00 | 73,8100 | ЕУР | 603.679,81 | 4,61% | 9.816,73 |
| МЦДОНАЛД'С ЦОРП | МЦД | | 35,00 | 281,9500 | УСД | 562.469,53 | 4,29% | 9.146,59 |
| Монделез Интернатионал, Инц. | МДЛЗ | | 50,00 | 70,0000 | УСД | 199.492,65 | 1,52% | 3.244,05 |
| Модерна, Инц. | МРНА | | 42,00 | 106,5600 | УСД | 255.095,24 | 1,95% | 4.148,23 |
| НИКЕ | НКЕ | | 48,00 | 93,9800 | УСД | 257.119,81 | 1,96% | 4.181,15 |
| Орацле Цорпоратион | ОРЦЛ | | 20,00 | 125,6100 | УСД | 143.190,12 | 1,09% | 2.328,48 |
| Регенерон Пхармацеутицалс, Инц. | РЕГН | | 5,00 | 962,4900 | УСД | 274.299,54 | 2,09% | 4.460,52 |
| Рио Тинто плц | РИО | | 40,00 | 63,7400 | УСД | 145.321,85 | 1,11% | 2.363,15 |
| Старбуцкс Цорп | СБУЏ | | 90,00 | 91,3900 | УСД | 468.813,43 | 3,58% | 7.623,60 |
| Цхарлес Сцхњаб Цорпоратион | СЦХЊ | | 97,00 | 72,3400 | УСД | 399.953,12 | 3,05% | 6.503,83 |
| Сиеменс АГ | СИЕ.ДЕ | | 28,00 | 176,9600 | ЕУР | 304.700,35 | 2,33% | 4.954,88 |
| Тесла Моторс Инц | ТСЛА | | 20,00 | 175,7900 | УСД | 200.393,22 | 1,53% | 3.258,69 |
| ЊАЛМАРТ ИНЦ | ЊМТ | | 177,00 | 60,1700 | УСД | 607.032,76 | 4,63% | 9.871,25 |
| Еџџон Мобил Цорп | ЏОМ | | 100,00 | 116,2400 | УСД | 662.543,59 | 5,06% | 10.773,94 |
| **Вкупно:** | | | | | | **11.925.904,65** | **91,00%** | **193.932,92** |

| СТРУКТУРА НА ВЛОЖУВАЊЕТО НА ВЕГА СВЕТ - ОИФ НА ДЕН 26.12.2022 | | |
|---|---|---|
| **ПОЗИЦИЈА** | **Вредност во МКД** | **Процент** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА** | 2.422.402,19 | 16,87% |
| **ПОБАРУВАЊА** | 13.487,99 | 0,10% |
| **ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ - СТРАНСКИ АКЦИИ** | 11.925.904,65 | 83,03% |
| **ВКУПНО** | **14.361.794,83** | **100,00%** |

### 8. ЦЕЛНА ГРУПА НА ИНВЕСТИТОРИ ЗА КОИ Е НАМЕНЕТО ВЛОЖУВАЊЕТО ВО ФОНДОТ, СОГЛАСНО МОТИВИТЕ ЗА ВЛОЖУВАЊЕ И ИНВЕСТИЦИСКИОТ ХОРИЗОНТ, ПОЗНАВАЊЕ НА ПАЗАРОТ НА КАПИТАЛ И ТОЛЕРАНЦИЈА НА РИЗИК ОД ВЛОЖУВАЊЕТО

Фондот е наменет за сите оние инвеститори кои сакаат да остварат атрактивен принос преку искористување на глобалниот раст на светската економија, особено во најразвиените економии во светот. Преку професионално управување, Друштвото ќе настојува да оствари принос со вложување на имотот на Фондот во големи компании кои ја креираат глобалната побарувачка, кои се двигатели на економскиот развој, носители на иновации и имаат препознатлив бренд. Таквите компании се карактеризираат со долгогодишнен раст на дивидендата (“дивидендни аристократи или дивидендни шампиони”), долгорочни и стабилни стапки на пораст на приходите и добвките и имаат фундаментално “здрави” финансиски извештаи. Ваквите карактеристики ги прави овие компании повеќе атрактивни за инвестирање во однос на нивните конкуренти.

Преку вложување во фондот инвеститоритеможе да обезбедат диверзификација на својот капитал и да ги остварат своите специфични финансиски цели, со истовремено висока ликвидност на вложувањето.

Главни мотиви за вложување во фондот:

- Континуираниот развој и иновативност на познати светски корпорации т.н. „Blue chips“ компании и „Dividend stocks“ компании кои исплаќаат високи дивиденди и кои ѝ во периоди на намалена економска активност остваруваат позитивни резултати од работењето;
- Професионалното управување на средствата на фондот;
- Можноста инвеститорите да го намалат пазарниот ризик од купување на акции (вложување на берза) без соодветно знаење;
- Можноста да станат индиректни акционери во светски познати компании;
- Атрактивен принос со умерен ризик;
- Автоматското реинвестирање на добивката;
- Намалените трошоци за управување со средствата;
- Диверзификацијата на портфолиото по земји, валути,индустрии и инструменти;
- Можноста за следење и достапност на вложените средства во секој момент;
- Поголема отпорност на пазарни шокови.

Фондот е наменет за инвеститори кои сакаат да го вложат своите средства во период од најмалку 5 години

### 9. ВРЕМЕТРАЊЕ НА ФИСКАЛНА ГОДИНА

Фискалната година трае од 1. (први) Јануари до 31. (триесет и први) Декември.

### 10. ДАТУМ НА ИЗДАВАЊЕ НА ПРОСПЕКТОТ

Првиот Проспект на Фондот е донесен на ден 07.03.2022 година и истиот е одобрен од страна на Комисијата за хартии од вредност. Овој пречистен текст на Проспектот е донесен на ден 30.05.2024 година.

## II. ПОДАТОЦИ ЗА ДРУШТВОТО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ФОНДОВИ

### 1. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ДРУШТВОТО

Фирмата на Друштвото гласи: Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ВЕГА ФОНДОВИ АД Скопје. Скратениот назив на фирмата гласи: ВЕГА ФОНДОВИ АД Скопје.

Во надворешниот промет Друштвото ќе настапува под името: VEGA FUNDS AD Skopje

Седиштето на Друштвото е во Скопје, на бул. Климент Охридски бр. 45 кат 1 лок. 10, Скопје, Центар.

Матичен број на Друштвото е 7515618

Друштвото е основано на ден 26.04.2021 година

Друштвото е основано на ден 26.04.2021 година на неопределено време, а започна со работа по добивање на одобрение од страна на Комисијата за хартии од вредност, односно Решение број УП1 08 - 5 од 29.06.2021 година.

Во Централниот Регистар е запишано на ден 06.07.2021 година под број 35020210017583.

## 2. ПОДАТОЦИ ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ДРУШТВОТО ЗА ИНВЕСТИЦИСКИТЕ ФОНДОВИ СО КОИ УПРАВУВА

**Преглед на фондовите со кои управува Друштвото**
**(податоците се со датум 31.03.2024)**

| **Вид на фондот** | Назив на фондот | Датум на започнување со управување | Нето вредност на имотот (во денари) | Број на сопственици на удели | Број на удели во оптек | Нето вредност на удел |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **о.и.ф.** | ВЕГА ТЕХНОЛОГИЈА | 31.3.2022 | 27.721.209,20 | 114 | 194.944,3637 | 142,2006 |
| **о.и.ф.** | ВЕГА СВЕТ | 31.3.2022 | 13.105.258,10 | 120 | 127.991,9076 | 102,3913 |
| **о.и.ф.** | ВЕГА ФИНАНСИИ | 31.3.2022 | 15.263.533,10 | 108 | 121.042,8577 | 126,1002 |
| **о.и.ф.** | ВЕГА КЕШ | 31.3.2022 | 453.954.507,13 | 58 | 4.341.659,3357 | 104,5578 |

## 3. ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ НА ДРУШТВОТО

Мандатот на членовите на Одборот на директори е од 26.04.2022 година, а согласно статутот на Друштвото мандатот трае 6 години. Против ниту еден член на Одборот на директори нема изречено прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност во областа на правото, банкарството, сметководството, осигурувањето, управувањето со средства и инвестирање, управувањето со пензиски фондови или други финансиски услуги во последните пет години, ниту пак бил член на Одбор на директори, односно управен и надзорен одбор на правно лице против кое е поведена предстечајна, стечајна или ликвидациона постапка во последните пет години. Исто така, ниту еден член на Одборот на директори не бил член на Одбор на директори, односно управен и надзорен одбор во друго друштво основано во Република Северна Македонија. Членовите на Одборот на директори ги извршуваат следните други активности значајни за Друштвото, надвор од работењето на Друштвото:

Сашо Дракуловски – Претседател на Одбор на директори во брокерската куќа Еурохаус АД Скопје
Стефан Степановски – Извршен директор во брокерската куќа Еурохаус АД Скопје
Васко Митев – Извршен директор во брокерската куќа Илирика Инвестментс АД Скопје.

### Сашо Дракуловски – Главен извршен директор

Во 2003 година дипломирал на Економскиот факултет, универзитетот ,,Св.Кирил и Методиј'' Скопје, отсек-менаџмент. На истоимениот факултет во 2010 година магистрира и станува магистер по економски науки од областа на МБА менаџмент. Поседува дозвола за работење како брокер од 2004 година, дозвола за инвестициски советник од 2007 година издадени од Комисија за хартии од вредност како и сертификат за осигурителен брокер издаден од Министерството за финансии. Посетувал обука организирана од IFC (International Finance Corporation) за стекнување знаења од областа на корпоративно управување при што веќе во 2009 година добива и сертификат за Специјалист по корпоративно управување. Има богато работно искуство позади себе. Од 2004 година околу една година работел како финансиски советник во ,,Елса Инженеринг'' Скопје а од 2005 до 2007 година како координатор за логистика во НЛБ Банка АД Скопје. Истата година работи како инвестициски советник и брокер во Брокерската куќа НЛБ АД Скопје до март 2008. Посебно се истакнува со повеќе од 10 години работно искуство како извршен директор. Позицијата на главен извршен директор на Вега фодови АД Скопје ја извршува од формирањето на друштвото. Неговите лидерски способности и вештини за преговори се препознаваат токму во извршувањето на функцијата извршен директор во Брокерската куќа Еурохаус АД Скопје од 2008 до септември 2018 година, каде во 2020 година станува претседател на Одборот на директори. Исто така позицијата на главен извршен директор 1 година успешно ја извршувал во Осигурителната компанија Сава Осигурување АД Скопје

одговорен за целокупното работење а посебно во делот на продажба, финансии и HR менаџмент. Во меѓувреме во периодот од 2015 до 2019 година станува потпретседател и член на Управниот одбор на Македонската Кошаркарска Федерација одговорен за планирање, буџетирање и стратешки одлуки за маркетинг. Поседува сопствено учество во основната главнина на Друштвото, односно 3.870 обични акции со право на глас кои претставуваат 25% од вкупниот сопственички капитал. Во последните пет години бил акционер, односно сеуште е: Бетон АД Скопје, Еурохаус АД Скопје, Гранит АД Скопје, Лотарија на Македонија АД Скопје, Македонска берза АД Скопје, Мода Свети Николе АД, Макпетрол АД Скопје, Македонија Турист АД Скопје, Стопанска банка АД Битола, Скопски Пазар АД Скопје, Макстил АД Скопје, РЖ Услуги АД Скопје, Жито Лукс АД Скопје, Уни банка АД Скопје, НЛБ банка АД Скопје, Хотели Метропол АД Охрид, Прилепска пиварница АД Прилеп, Стопанска банка АД Скопје, Охридска банка АД Скопје.

**Јован Дојчиновски – Извршен директор**

Поседува 21-но годишно искуство во областа на пазарот на капитал и финансискиот пазар, каде учествува во креирањето на целокупното работење, предлагање на основите на деловната политика, претставување на Друштвото во односите со трети лица и други работи согласно закон.
Неговата професионална кариера започнува во 2001 година, во брокерската куќа БРО-ДИЛ АД Скопје како брокер, понатаму и како извршен член во Одборот на директори на брокерската куќа. Во 2005 година преоѓа во УНИБанка, во дирекцијата за трежери, дилинг и хартии од вредност, каде во 2008-та е унапреден во Раководител во Дирекција за работа со хартии од вредност.
Во јуни 2011 година, ангажиран е како советник во секторот за продажба на Илирика Фунд Менаџмент АД Скопје, како надворешен соработник за продажба на удели. Наредната 2012-та година, станува Втор Извршен директор и извршен член во Одборот на директори на Илирика ФМ. Како успешна компанија, со континуиран раст и развој, на крајот на 2020 година, Друштвото беше преземено од Генерали Инвестментс АД Скопје. Таму останува, на позицијата одговорно лице за индивидуални клиенти со портфолио, до доаѓањето во Вега Фондови АД Скопје.
Има стекнато образование-звање МБА Специјалист за стратегиски менаџмент и има посетувано бројни обуки од областа на финансиите и менаџмент. Не поседува сопствено учество во основната главнина на Друштвото ниту во други друштва.

**Васко Митев – Претседател и неизвршен член на Одборот на директори**

Во 2004 година дипломирал на Економскиот факултет во Скопје, на отсек Финансиски менаџмент. Од 2003 година поседува дозвола за работење на брокер а од 2008 поседува и дозвола за инвестициски советник издадена од Комисијата за хартии од вредост на Република Северна Македонија. Од 2003 до 2007 година работи во Комерцијална банка АД Скопје како брокер и координатор за односи со клиенти. Од 2008 тековно до денес работи како Извршен директор на Илирика Инвестмент АД Скопје. Функцијата на Претседател на Одбор на директори на Вега фондови АД Скопје ја извршува од формирање на Друштвото. Бил учесник во бројни регионални семинари и конференции а посетувал и завршил различни обуки во земјите од Југоисточна Европа за Инвестициско банкарство, Корпоративни финансии, M&A и due dilligence. Тој е учесник и предавач на повеќе семинари и конференции организирани од страна на Комисијата за хартии од вредност, Македонската берза, Стопанската комора, други невладини организации од областа на корпоративното управување и стопанско право.Во областа на корпоративните финансии и инвестиционото советување има успешно учествувано во подготовката, застапување и реализација на големи берзански трансакции во кои учесници биле меѓународни клиенти најчесто од земјите на ЕУ и Интернационални финансиски корпорации,банки и фондови и светски реномирани компании кои се водечки во своите области и тоа во телекомуникациските услуги, банкарскиот сектор, природните ресурси,прехрамбената индустрија и сл. Застапува голем број домашни и странски, физички и правни лица пред Македонската берза во Република Северна Македонија, давајќи максимална професионална заштита на правата и интересите на клиентите во секој конкретен случај и трансакција како на домашниот пазар на капитал така и на меѓународните пазари на капитал. Не поседува сопствено учество во основната главнина на Друштвото. Поседува удели во Вега Консалтинг Дооел. Во последните пет години бил акционер, односно сеуште е: Exxon Mobil Corp, Deutsche Lufthansa AG, Glencore PLC, JPMorgan Chase & Co, Deutsche Bank AG, Barclays

PLC, Dow INC, Regeneron Pharmaceuticals Inc ,Occidental Petroleum Corporation, American Express Company, HP Inc, Foot Locker Inc, Alibaba Group Holdings Ltd ADR.

**Стефан Степаноски – неизвршен член на Одборот на директори**

Дипломиран правник, во 2013 година магистрирал на Правниот факултет ,,Јустинијан Први'' во Скопје и станува магистер по право од областа на интелектуалната сопственост. Има повеќе од 10 години работно искуство како брокер, почнувајќи од 2005 до 2009 година во Брокерската куќа Илирика АД Скопје каде е задолжен за сегментот тргување со хартии од вредност, акции и обврзници, следење на правилата за тргување, измените и нивно применување, подготвување и пишување правилници за работа, одговорен за ВИП клиенти на куќата, прием на клиентите и секојдневна комуникација со цел постигнување најдобра услуга. Истата работна позиција-брокер успешно ја извршува во Еурохаус АД Скопје од 2009 до 2018 година а веќе од 2018 година тековно до денес денес ја извршува функцијата на извршен директор во истата Броќерска куќа одговорен за организирање на работата во Друштвото, застапување и претставување во правниот промет, предлагање на деловната политика на Друштвото, планот и програмата, тргување со хартии од вредност, внес на налози во БЕСТ системот и SEE-link платформата како и подготвување и донесување на актите за организација на Друштвото. Поседува удели Во Стефан Стефанија Дооел. Поседува сопствено учество во основната главнина на Друштвото, односно 3.870 обични акции со право на глас кои претставуваат 25% од вкупниот сопственички капитал. Не поседуваа акции во други друштва.

**Кирил Куцуловски - неизвршен и независен член на Одборот на директори**

Кариерата ја започнува во 2012 година во Илирика Фунд Менаџмент, почнувајќи од аналитика и подоцна работејќи низ сите сектори. Од 2017 до 2020 година работи во Фаланкс Капитал, една до водечки инвестициски компании во регионот. Поседува врвни вештини во финансиска анализа, корпоративни финансии, портфолио менаџмент, и вештини од општ менамџмент како комуникација, организицација и делегација. Дополнително, поседува темелно познавање на макроекономски фактори и нивното влијание на пазарите на капитал. Завршени студии на Американскиот Универзитет во Бугарија, смер Бизнис Администрација со концентрација во Финансии и Сметководтсво. Не поседува сопствено учество во основната главнина на Друштвото ниту во други друштва.

## 4. ОСНОВНА ГЛАВНИНА И АКЦИОНЕРИ КОИ ИМААТ КВАЛИФИКУВАНО УЧЕСТВО

| Име и презиме, фирма и седиште на акционерите | Број на акции | Учество во вкупниот број на акциисо право на глас во Друштвото (%) |
|---|---|---|
| **Александра Митев, Скопје, РС Македонија** | 7.740 обични акции | 50,00% |
| **Сашо Дракуловски, Скопје, РС Македонија** | 3.870 обични акции | 25,00% |
| **Стефан Степаноски, Скопје, РС Македонија** | 3.870 обични акции | 25,00% |
| **ВКУПНО:** | 15.480 обични акции | 100,00% |

## 5. НАЗИВ, СЕДИШТЕ И МАТИЧЕН БРОЈ, ДАТУМ НА ОСНОВАЊЕ И НЕГОВ УПИС ВО ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР ЗА СЕКОЕ ДРУШТВО КОЕ ДЕЛУВА КАКО СОВЕТНИК НА ОИФОТ, КАКО И ИМЕТО НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ОРГАНОТ НА УПРАВУВАЊЕ ИЛИ ДРУГИТЕ ОДГОВОРНИ ЛИЦА ВО ТИЕ ДРУШТВА

Не постои друштво кое делува како советник на отворениот инвестициски фонд.

## 6. БИТНИ ОДРЕДБИ ОД ДОГОВОРОТ СО ДЕПОЗИТАРНАТА БАНКА КОИ МОЖЕ ДА СЕ ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА ИНВЕСТИТОРИТЕ ВО УДЕЛИТЕ

Освен одредбите ог глава III на овој Проспект, кои се однесуваат на работите кои ќе ги извршува Депозитарната банка, составен дел на Депозитарниот договор се и следните одредби кои може да се од значење за инвеститорите :

- Депозитарната банка и Друштвото при извршувањето на своите права, обврски и одговорности дејствуваат самостојно и независно и исклучиво во интерес на вложувачите во Фондот.
- Депозитарната банка не смее да го користи имотот на Фондот за вршење на трансакции за сопствена сметка или за остварување на било какви користи за себе или за своите вработени, освен во корист на сопствениците на удели во Фондот.
- Имотот на Фондот кај Депозитарната банка не влегува во имотот на Депозитарната банка, ниту во ликвидационата или стечајната маса и не може да се употреби за извршување на побарувањата на Депозитарната банка.
- Депозитарната банка, имотот на Фондот го води на посебни сметки, вклучувајќи ги и хартиите од вредност, банкарските сметки и друг имот.
- Депозитарната банка со цел чување на средствата на Фондот отвора посебни сметки за парични средства кај банки и сметки за хартии од вредност кај депозитари за хартии од вредност во земјата и во странство и/или суб-депозитарна банка во странство.
- Депозитарната банка и Друштвото одговараат пред сопствениците на удели во Фондот за настанатата штета од неизвршување или неправилно вршење на работите предвидени во Депозитарниот договор или со Законот.
- Депозитарната банка и Друштвото се должни да ги чуваат како деловна тајна податоците за сопствениците на удели во Фондот, како и податоците за уплатите и исплатите на вложувачите.
- Депозитарната банка ги извршува налозите од Друштвото во врска со трансакциите со хартиите од вредност и другиот имот кој го сочинува портфолиото на Фондот под услов да не се во спротивност со Законот, со прописите донесени до страна на Комисијата за хартии од вредност, со Статутот и Проспектот на Фондот.
- За средствата на Фондот надвор од територијата на Република Северна Македонија, Депозитарната банка избира суб-депозитарна банка со која директно соработува врз основа на склучен договор.
- Во случај доколку се обработуваат лични податоци договорната страна која се јавува во својство на Обработувач на лични податоци се обврзува дека при вршење на предметот на овој договор ќе постапува единствено во согласност со упатствата добиени од страна на договорната страна која се јавува во својство на Контролор и законските прописи
- Друштвото се согласува дека нема да има толеранција за било каков вид на корупција, во каква било форма и на начин предвиден со било каква јурисдикција, дури и доколку ваквите практики се вообичаени или дозволени, односно не подлежат на кривично гонење.

- Друштвото претставува и ѝ гарантира на Депозитарната Банка, дека ѝ ги обелоденува сите релевантни околности, кои би можеле да претставуваат судир на интереси и ги презема непоходните мерки за негово управување, во координација со Депозитарната Банка.
- Друштвото врши идентификација на вложувачот во Фондот согласно пополнета Апликација за регистрирање на клиент и прави проценка за прифаќање или одбивање на деповниот однос со вложувачот. Друштвото може да го одбие деловниот однос доколку постои основано сомнение дека е извршено или има обид да биде извршено перење пари или финансирање на тероризам.
- Со цел спречување на перење пари Депозитарната банка не прифаќа уплати на сметките за купување на удели во кеш и осигурува дека сите уплати се стигнати преку трансакциски сметки на сметката на Фондот.

## 7. ДРУГИ ВАЖНИ АКТИВНОСТИ ЗА ДРУШТВОТО

Друштвото има единствен предмет на работење - основање и управување на отворени инвестициски фондови, односно вложување на парични средства во свое име и за сметка на сопствениците на удели во отворените инвестициски фондови со кои управува. Оваа дејност опфаќа:

1. управување со имотот на инвестициските фондови;
2. рекламирање на инвестициските фондови и продажба на удели во отворените инвестициски фондови;
3. административни работи кои се однесуваат на:

   - водење на деловни книги и сметки и изготвување на финансиски извештаи;
   - воспоставување и одржување на односи со вложувачите;
   - утврдување на вредноста на имотот на инвестицискиот фонд и пресметка на цената на уделот;
   - усогласување на работењето на Друштвото со законите и други прописи;
   - објавување и известување на сопствениците на удели;
   - распределба на добивката на инвестицискиот фонд;
   - издавање и откуп на удели во отворените инвестициски фондови и
   - водење регистар на сопствениците на удели.

Друштвото исто така има дозвола работи на управување со средства за сметка на индивидуален клиент - сопственик на портфолио и инвестицино советување.

## 8. ЛИЦА СО КОИ ДРУШТВОТО ИМА СКЛУЧЕНО ДОГОВОР ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ АКТИВНОСТИ

На основа на член 8 став 2 од Законот и Правилникот за начинот, постапката и видот на активности кои може друштвото за управување со инвестициски фондови да ги пренесе на трети лица (Сл. весник на РСМ бр. 115/2009), а по претходно добиена согласност од Комисијата, Друштвото има пренесено извршување на активности на:

1. Друштво за ревизија и книговодство **ЕВИВА РЕВИЗИЈА ДООЕЛ**, со седиште на ул. Московска бр. 17А/1-56, 1000 Скопје, претставувано од управителот Ева Сарџоска. Наведеното правно лице е овластено да извршува административни работи кои се однесуваат на водењето на деловни книги и сметки и изготвување на финансиски извештаи за сметка на Друштвото.

### 9. ЛИСТА НА ПОДРУЖНИЦИ НА ДРУШТВОТО

Друштвото својата дејност ја извршува во седиштето. Друштвото нема основано подружници.

### 10. МЕСТО ЗА МОЖЕН УВИД ВО ОПШТИТЕ АКТИ НА ДРУШТВОТО

Сите заинтересирани страни може да имаат увид во сите општи акти на Друштвото во седиштето на бул. Климент Охридски бр. 45 кат 1 лок. 10, Скопје, Центар или на интернет страната www.vegafondovi.mk

# III. ПОДАТОЦИ ЗА ДЕПОЗИТАРНАТА БАНКА

Депозитарна банка на Фондот е **НЛБ Банка АД Скопје**, со седиште на ул. Водњанска бр. 1 , 1000 Скопје. Изборот на НЛБ Банка АД Скопје за депозитарна банка на Фондот е одобрен со Решение од Комисијата за хартии од вредност број УП1 08-121 од 22.03.2022 година

Банката е регистрирана во Централниот регистар на Република Северна Македонија, даночен број 4030993191133, ЕМБС 4664531 со седиште на територијата на Република Северна Македонија и има добиено согласност од Народната Банка на Република Северна Македонија за вршење на активноста чувар на имот: Решение бр. 1849 од 11.03.2008 год., издадено од НБРМ – Претходна согласност за вршење на финансиската активност „давање услуги на банка-чувар на имот.

Предмет на работење на Депозитарната банка :

- Чување на имотот на Фондот;
- Проверка дали издавањето и откупот на удели за сметка на Фондот се врши во согласност со Законот и правилата на Фондот;
- Проверка дали пресметката на нето вредноста на уделите во Фондот, е во согласност со Законот, подзаконските прописи и во согласност со Проспектите и Статутот на Фондот;
- Наплата на сите приходи и други права кои достасуваат во корист на Фондот, а кои произлегуваат од неговиот имот;
- Осигурува дека трансакциите со хартиите од вредност ќе бидат намирени, односно достасаните парични побарувања ќе бидат наплатени во законските или договорените рокови;
- Известување на Друштвото за активностите кои се однесуваат на имотот на Фондот и извршување на неговите налози;
- Извршување на налозите од Друштвото во врска со трансакциите со хартиите од вредност и другиот имот кој го сочинуваат портфолијата на отворениот инвестициски фонд, под услов да не е во спротивност со Законот, со прописите донесени од Комисијата за хартии од вредност, со Проспектите и Статутот на Фондот;
- Осигурува дека приходите на Фондот се користат во согласност со Законот, Проспектите и Статутот на Фондот и трошоците кои ги плаќа Фондот се во согласност со одредбите од Законот и со условите од Проспектите и Статутот на Фондот;
- Води евиденција на работењето што го врши како Депозитарна банка и редовно ја усогласува со евиденцијата на Друштвото;
- Пријавување на секое кршење на одредбите од Законот кај Комисијата за хартии од вредност;
- Овозможување на пристап до податоците и сметките поврзани со Фондот и неговиот имот, на ревизорите и на другите лица (вклучително и Комисијата за хартии од вредност) овластени да вршат увид и
- Други работи кои се предвидени со Депозитарниот договор, законските прописи и Правилата за вршење на работи на депозитарна банка за отворен инвестициски фонд.

Друштвото и Банката при извршувањето на своите обврски мораат да дејствуваат независно и исклучиво во интерес на сопствениците на удели и ќе настојиваат да го избегнат секаков можен судир на интереси.

НЛБ банка АД Скопје дејноста на депозитарна банка ја извршува самостојно во рамките на Деловен сектор за финансиски пазари и средства и нема склучено договор за пренесување на активностите на трето лице.

Изјава: Сите ажурирани податоци од оваа глава, ќе им бидат дадени на увид од страна на Банката на барање на сите инвеститори во удели во Фондот.

**Љубица Јанчевска Димитровска**

Директор ______________________________

**Емилија Брљамова**

Самостоен финансиски аналитичар ______________________________

# IV. ПОДАТОЦИ ЗА ЛИЦАТА ШТО СЕ ОДГОВОРНИ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПРОСПЕКТОТ

## 1. ИЗЈАВА НА ЛИЦАТА ОДГОВОРНИ ЗА ИЗДАВАЊЕТО НА ПРОСПЕКТОТ

„Изјавуваме дека, според нашите уверувања и во согласнот со нашите сознанија и податоците со кои располагаме, податоците наведени во Проспектот се веродостојни, потполни и точни и дека во Проспектот се наведени сите потребни информации врз основа на кои вложувачите можат да добијат правилна претстава за отворениот фонд и врз основа на кои можат да донесат правилна одлука за вложување или не во удели на отворениот инвестициски фонд, а особено да добијат претстава за ризиците кои се поврзани со инвестицискиот фонд и неговото портфолио.“

**Сашо Дракуловски**

Главен Извршен директор ______________________________

**Јован Дојчиновски**

Извршен директор ______________________________

**Васко Митев**

Претседател на Одборот на директори и неизвршен член ______________________________

**Стефан Степаноски**

Неизвршен член на Одборот на директори ______________________________

**Кирил Куцуловски**

Независен и неизвршен член на Одборот на директори ______________________________

## 2. ЛИЦА ЗА КОНТАКТ ВО ДРУШТВОТО

Сашо Дракулоски – Главен извршен директор ...............................тел. + 389 2 3215 878

Јован Дојчиновски – Извршен директор ....................................... тел. + 389 2 3215 878

Мирјана Ивановска - Администратор Middle Office ......................................тел. + 389 2 3215 878